**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин бр. 50 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-109

Врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10 и 136/11) и член 212 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 38/05, 110/08 и 51/11), а постапувајќи по известувањето за концентрација помеѓу Вита Централна Европа Б.В. со регистрирано седиште на Наритавег 165, Телестоун 8, 1043BW Амстердам, Холандија и Атернус а.с., со регистрирано седиште на Чешки Тешин, Нова Товарни 1940, поштенски код 737 01, Чешка Република од една страна и Валмарк а.с. со регистрирано седиште во Тринец, Олдричовице бр.44, поштенски код 739 61, Чешка Република од друга страна, а поднесено од Вита Централна Европа Б.В, и Атернус а.с., Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 05.10.2012 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата помеѓу **Вита Централна Европа Б.В.**(Vita Central Europe B.V.) со регистрирано седиште на Наритавег 165, Телестоун 8, 1043BW Амстердам, Холандија и **Атернус а.с.**(Aternus a.s.) со регистрирано седиште на Чешки Тешин, Нова Товарни 1940, поштенски код 737 01, Чешка Република од една страна и **Валмарк а.с.** (Walmark a.s.) со регистрирано седиште во Тринец, Олдричовице бр.44, поштенски код 739 61, Чешка Република од друга страна, преку стекнување заедничка контрола од страна на Вита Централна Европа Б.В. и Атернус а.с. во друштвото Валмарк а.с., односно преку купување од сегашните сопственици на 50% удел од страна на Вита Централна Европа Б.В. во друштвото ВАЛМАРК а.с. иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин бр. 50 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) на ден 22.08.2012 година а дополнето на 05.09.2012 година, Вита Централна Европа Б.В. и Атернус а.с. согласно одредбите од член 15 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), поднесоа известување за концентрација помеѓу Вита Централна Европа Б.В. и Атернус а.с., од една страна и Валмарк а.с. од друга страна, преку стекнување заедничка контрола од страна на Вита Централна Европа Б.В. и Атернус а.с. во друштвото Валмарлк а.с., согласно член 12 став (1) точка (2) од Законот.

Деловни активности на учесниците во концентрацијата:

- **Вита Централна Европа Б.В**. со регистрирано седиште на Наритавег 165, Телестоун 8, 1043BW Амстердам, Холандија.

Вита Централна Европа е контролирана од страна на Мид Европа Партнери ДОО. МЕП е друштво за управување со инвестициски фондови во приватна сопственост, со седиште во Велика Британија. МЕП во моментов советува и/или управува со два фондови: фондот Emerging Europe Convergence Fund II L.P. и Mid Europa Fund III L.P, кои инвестираат во компании од различни сектори, како што се мобилната и фиксната телефонија, кабловска телевизија, транспорт, индустрија, енергетика, здравствена заштита и трговија на мало.

- **Атернус а.с** со регистрирано седиште на Чешки Тешин, Нова Товарни 1940, поштенски код 737 01, Чешка Република.

Атернус е холдинг компанија кое е наменета за оваа трансакција.

- **Валмарк а.с**. со регистрирано седиште во Тринец, Олдричовице бр.44, поштенски код 739 61, Чешка Република

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин бр. 50 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Валмарк е чешка компанија активна во полето на додатоци за исхрана, лекови кои се продаваат без рецепт и други поврзани производи. Покрај своето силно присуство на пазарот во Чешка Република, Валмарк а.с. има активни зависни друштва во уште осум европски држави (Словачка, Полска, Унгарија, Романија, Бугарија, Литванија и Франција).

Комисијата започна со испитување на известувањето за концентрацијата со денот на неговиот прием и утврди дека концентрацијата потпаѓа под одредбите на Законот.

Комисијата за заштита на конкуренцијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став 2 и став 4 од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 7 (б) од Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата носи решение во скратена форма, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот, бидејќи нема за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на концентрацијата.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**Претседател**
**Благој Чурлинов**